ССНМ Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# Билтен

## ССНМ е дел од СЦ Дуња

Октомври 2016

На повик на членките на Повелбата за солидарност, левичарското движење „Солидарност“ и младинската организација „Мугра“, Извршниот одбор на ССНМ одлучи да се приклучи во формирањето на Социјалниот центар „Дуња“ во Скопје и да ја пресели својата канцеларија во објектот лоциран на улица Рајко Жинзифов бр. 22.

Повеќе




Влезот во СЦ Дуња

## ИФЈ:Мора да има колективно преговарање за сите новинари

За да го одбележи Светскиот ден на пристојна работа на 7 октомври, Меѓународната федерација на новинари (ИФЈ) ги слави достигнувањата на колективното преговарање за новинарите во целиот свет. Колективното преговарање е најдобрата алатка на новинарите да обезбедат правичност на работното место, да ја намалат нееднаквоста и да ги подобрат платите и условите за работа.

Повеќе

### ВАЖНО

**Новата адреса на ССНМ е улица Рајко Жинзифов бр.22 Скопје. Канцеларијата е дел од Социјалниот центар „Дуња“ Телефонот е несменет 2671201. Работно време на канцеларијата на ССНМ е од 10 до 16 часот.**

## Солидарност со колегите од Телма



Новинарот Павле Беловски е нападнат додека чекал вклучување во живо

Најостро го осудуваме физичкиот напад врз новинарот Павле Беловски од ТВ Телма, кој без никаква причина беше жртва на физичко насилство пред седиштетото на МВР.

Во овој случај сакаме да ја потсетиме јавноста дека станува збор за шести напад врз новинар на место на настан од 2015 година до сега.

Ја поздравуваме брзата реакција на припадниците на МВР кои го привеле напаѓачот, но во истовреме искажуваме крајно незадоволство од бавната реакција на надлежните институции кои во крајна инстанца не ги решаваат овие случаи ниту брзо, ниту задоволително во поглед на правдата.

Јавноста знае, а институциите треба да се свесни дека физички или друг тип на загрозување на новинар, особено на работна задача е напад врз слободата на информирање и во крајна линија напад врз демократското уредување на државата.

Од тие причини ги повикуваме повторно надлежните, веднаш да го расчистат овој случај, да ги разјаснат мотивите за нападот и на тој начин да испратат јасна порака дека нападите врз новинарите нема да се толерираат.

# Билтен

## Мапирање на состојбата  во локалните медиуми

Октомври 2016

Истражувањето „Мапирање на состојбата на медиумите во Македонија“ е со цел да се даде почетен идикатор за начинот на кој новинарите и медиумските работници го перцепираат синдикалното здружување и условите во кои работат. Прибирањето на податоци се одвиваше преку анонимни анкети кои беа спроведени во Штип, Велес, Битола, Тетово и  Прилеп на репрезентативен примерок од  150 испитаници.

Повеќе



Анкетата е спроведена во периодот март-април-мај 2016

**Резултатите од истражувањето покажаа дека медиумите на локално ниво во однос на економската стабилност се наоѓаат во постојана борба со опстојувањето на пазарот. Ваквата појава е највидлива кај печатените и онлајн медиуми.**

## ССНМ субгрантист на МИМ

ССНМ аплицираше на повикот за субгрантирање од страна на Македонскиот институ за медиуми за проектот фокусиран на „Јакнење на синдикализмот во медиумската индустрија“ во висина од 10 000 евра во период од 12 месеци.

Со добиените средства ќе биде овозможена континуирана правна помош за членовите за намалување на случаи во кои се повредени работните права на медиумските работници.

Повеќе

## Проект „Зад насловите“

Грант од ЗНМ за проектот „Зад насловите“

ССНМ аплицираше на повикот за субгрантирање од страна на Здружението на новинарите на Македонија во рамките на проектот „ Новинарска мрежа за независни медиуми во Македонија“ во висина од 5 000 евра во период од 12 месеци.

Грантот е добиен за  проектот „Зад насловите“ што преку серија текстови и дебати  ќе ги лоцира и изнесе во професионалната, но и поширока јавност, клучните проблеми кои ја обременуваат професијата, методи и начини преку кои се гуши слободата на изразување и воедно да понуди можни решенија.

Со овој проект практично јавноста ќе има можност да стекне вистинска, реална слика и сведоштво кое стои зад насловите и штурите информации за отпуштања, затворања на медиуми, или декларативните повици за слобода на професијата.

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# *Билтен*

**Октомври 2016**

## Публикација: Покривање на демонстрации

При известување од демонстрации и граѓански немири, новинарските екипи лесно стануваат мета на напади. Меѓународната федерација на новинари подготви прирачник за заштита на колегите при известување и покривање на високо ризични настани.

Повеќе

## Организирај се! Синдикален прирачник

Да се организираме – Синдикалниот прирачник за новинари изготвен да им помогне на синдикатите на новинари во целиот свет.Овој прирачник се обидува да покаже дека квалитетот на работните услови на новинарите е клучен фактор во создавањето на демократска медиумска култура. Без социјална правда и правичност на работното место, невозможно е да се зборува за уредничка независност или слобода на печатот.

Повеќе



Протести Скопје април 2016

## Три публикации

**Во рамките на проектот на Меѓународната федерација на новинари „Синдикати за синдикати“ ССНМ преведе и објави три публикации наменети за новинари и медиумски работници: За безбедно покривање демонстрации, Синдикално организирање и Авторски права**

## Прирачник за авторски права




Авторските права мора да се почитуваат

Новинарите и медиумските работници треба да работата во јавен интерес и како такви тие во демократските општества мора да бидат препознаени и да имаат статус на јавно добро. Нивните авторски права мора да се почитуваат и нивната работа правично да се наградува.

За жал, во Македонија без исклучок спротивно на меѓународните и националните закони, новинарите и медиумските работници потпишуваат договори во кои се бара тие да се откажат од нивните авторски права, вклучувајќи ги и економските и моралните права.

Прирачникот за авторски права за новинари на Европската федерација на новинари е подготвен со цел да даде одговори на многу прашања поврзани со авторските права

Повеќе

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# *Билтен*

## Мобинг во редакцијата

Октомври 2016

Новинарите страдаат од тешка физичка и ментална болест која се изразува преку секакви боледувања, отсуства, изостаноци, вознемиреност, депресија и панични напади поради кои завршуваат во лекарски ординации, пишува италијанската новинарка Паола Пастакалди , член на Одборот на новинари на Ломбардија

Повеќе



Паола Пастакалди

### Мобинг во редакцијата

**За да онеспособат поголем дел од новинарите, уредниците користат еден вид маргинализација: постепено намалување на работата на некои новинари без причина или оправдување**

## Кога атипичното работење станува типично

Сè повеќе и повеќе работници стануваат фриленсери, самовработени или се гледаат себе си како микро-компании. Очајно е потребно ново законодавство за да го рефлектира овој растечки сегмент на пазарот на трудот.

Повеќе

## Правда за Ана Политковскаја



Русија е една од најопасните земји за новинари

Меѓународната и Европската федерација на новинари (ИФЈ и ЕФЈ) се приклучуваат кон нивната подружница, Рускиот синдикат на новинари (РУЈ) во оддавањето почит на ветеранката новинарка и во повикот до руската влада да ги обнови своите напори да ги идентификува оние кои го нарачале убиството на новинарката.

„Сеќавајќи се на Ана, се сеќаваме и на сите руски новинари кои беа убиени, кои исчезнаа и или ги загубија животите во нејасни околности“ рече Меѓународниот секретар на Рускиот синдикат на новинари (РУЈ) и Потпретседател на ЕФЈ, Надежда Азгикина. „Во сеќавање ни останаа повеќе од 350 имиња од 1990 година до денес.“

Повеќе

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# *Билтен*

Октомври 2016

## Затворен унгарски левичарски весник

Најголемиот унгарски левичарски политички весник ја прекина работата поради „значителни“ загуби, изјави неговиот сопственик . Потегот беше осуден од опозициските партии низ целиот политички спектар кои ја обвинија владата на премиерот Виктор Орбан дека се обидува да ја прошири својата доминација врз медиумите.




Протест во Будимпешта. Фото:Гардијан

Повеќе

### Загрижувачка студија за слободата на медиумите во ЕУ

Неодамна објавената студија за „Компаративна анализа на слободата на медиумите и плурализмот во земјите-членки на ЕУ“ спроведе истражување на состојбите во Бугарија, Франција, Грција, Унгарија, Италија, Полска и Романија, сите од кои покажале високо-ризичен плурализам проследен со силно мешање на државата во медиумите или тесни економски врски помеѓу политиката и медиумите.

Повеќе

### Турција

**90 новинари се во затвор, повеќе од 2500 новинари ја загубија работата, а налози за апсење се издадени за стотици медиумски работници по обидот за пуч на 15 јули.**

## Да се отповика забраната на информативни канали во Турција



ЕФН: Солидарност со новинарите во Турција

Европската и Меѓународната федерација на новинари (ЕФЈ/ИФЈ) организираа прес конференција во Прес клубот во Брисел за да го искажат својот протест против блокирањето на медиумите во Турција и да ја повикаат владата да ја отповика забраната на информативни канали.

Турската влада неодамна затвори околу 20 телевизиски и радио канали, вклучувајќи го и курдскиот канал Med-Nuçe базиран во Белгија кој беше укинат на 3 октомври од страна на Eutelsat SA, француски сателитски провајдер, на барање на Турција.

Во Турција, 90 новинари се во затвор, повеќе од 2500 новинари ја загубија работата, а налози за апсење се издадени за стотици медиумски новинари по обидот за пуч на 15 јули.

Повеќе

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# *Билтен*

Октомври 2016

## Србија:Новинар штрајкуваше со глад

Европската федерација на новинари ги поддржува своите српски партнери УНС, НУНС и СИНОС во повикот за заштита на Јовица Јоца Васиќ, новинар и издавач во дневникот Народне новине кој беше на десетдневен штрајк со глад од 8 до 18 октомври.

Со овој штрајк со глад, Васиќ сакаше да го привлече вниманието на неговата исклучително прекарна ситуација која тој, заедно со многу други врботени во весникот, ја преживувал како новинар.

Повеќе




Јовица Васиќ. Фото Стеван Марковиќ

## Се бара заштита на новинар од Косово

Меѓународната организација „Репортери без граници“, ги повика во среда властите на Косово, да го заштитат Леонард Керќуки, главен и одговорен уредник на таблоидот „Газета експрес“, кој доби серија на смртни закани поради неговиот документарен филм за злосторствата извршени над Србите.

Повеќе

### Косово

**Случајот на Керќуки е последниот во серијата случаи поврзани со косовски новинари и јавни личности, кои добиле закани откако јавно го поставиле прашањето за улогата на ОВК, во злосторствата извршени за време на војната кон крајот на 90-тите.**

## Штрајк на новинарите на Newsquest




НУЈ стави на маса барање за покачување на платите

Состојбата во Newsquest го илустрира страдањето на новинарите. 11 работни места се укинуваат во неговите севернолондонски весници каде 27 од 29 работници се известени дека се технолошки вишок.

Во такви околности, овој штрајк секако вреди да се поддржи. Не се работи само за спас на работните места, туки за спас на новинарството. Се работи за зачувување на ликот на новинарството за луѓето кои и понатаму читаат весници, независно дали печатени или интернет изданија, во Кројдон, Ричмонд, Сатон. Вандсворт, Бромли, Дартфорд, Гринич и местата помеѓу.

Повеќе

Оваа публикација се продуцира со помош на рант доделен преку проектот „РеФорМедиа – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, што го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржините во оваа рубрика се одговорност единствено на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, и во никој случај не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Европската Унија.